# ЕГИПЕТ – Велигден 2022

## (Хургада и Крстарење по Нил)

**9 дена / 7 ноќевања / лет од Скопје**

(21.04.2022 – 29.04.2022)



***ЕГИПЕТ - земја со 5.000 години цивилизациска историја, најстариот сведок на човештвото; земја во која природата, божествата, времето и вечноста се спојуваат.***

Од крајот на IV милениум пред новата ера, на овој простор секогаш се случувало нешто многу важно за целата човечка цивилизација, било да се во прашање големите градежни работи, научни достигнувања или големите борбени освојувања. Иако познат по нив, Египет не се само пирамидите, храмовите, античките богатства и културно историски споменици, туку и прекрасното Црвено Море, нуркањето, богат ноќен живот, луксузни хотели и ресторани, романтични крстарења по Нил, адреналински сафари тури ...Тоа е земја на весели и срдечни луѓе, добра музика, возбудливи пејсажи и можност за добри авантури.
Програмата **Крстарење по Нил** се одвива помеѓу Асуан и Луксор, во должина од околу 220 км и опфаќа повеќе импозантни храмови и други значајни места од богатата историја на Египет. Тое е можност да се ужива во раскошната убавина по долината на реката Нил, а од исток и запад погледот ви го земаат вечните пустини.

**Ова патување е прилика да се запознаете не само со најстарата цивилизација на планетата, каде културата, уметноста и науката значајно влијаеле врз развојот на човештвото, туку и да ја доживеете убавината на земјата чија судбина со векови е врзана за НИЛ, мајка на реките, која што претставува единствен извор на живот и опстанок на северо-источна Африка. Истовремено ова патување нуди можност за неколкудневен одмор покрај водите на прекрасното, тропско Црвено Море.**

**1 ден 21.04: СКОПЈЕ – ИСТАНБУЛ – ХУРГАДА**

Состанок на групата на Аеродром Скопје во 17:50 часот. Лет за Истанбул со ТК1006 во 20:50 часот. Слетување во 23:25 часот. Полетување за Хургада со ТК 702 во 01:40 Слетување на аеродромот во Хургада во 03:20 часот на 22. Април. Пречек од страна на претставник на локалниот партнер и трансфер до хотел . **Ноќевање.**

**2 ден 22.04: ХУРГАДА**

Појадок. Престој во прекрасен 5* хотел на база на СЕ ВКЛУЧЕНО. Слободен ден за одмарање, сончање, капење и уживање покрај брегот на тропското, корално и беспрекорно чисто Црвено Море. **Ноќевање.**

**3 ден 23.04: ХУРГАДА (КАИРО)**

Појадок и слободен ден во хотелот во Хургада, или можност за факултативна екскурзија:
**Посета на Каиро** - Поаѓање од Хургада околу 2 ч после полноќ. Возење со автобус до Каиро (времетраење околу 6 часа). Пристигнување во Каиро наутро околу 8ч. Обиколка на Националниот Археолошки Музеј во Каиро (се разгледуваат експонати од Старото, Средното и Новото царство и богатството на Тутанкамон). Панорамски разглед на Каиро на патот кон Гиза. Обиколка на платото на Гиза, Кефреновата, Микериновата и Кеопсовата пирамида, долинскиот храм на фараонот Кефрен и големата статуа Сфинга. Ручек. Посета на традиционална парфимерија со презентација на начинот на кој се прават парфеми и се користат етерични масла. Пристигнување во Хургада околу 22 ч. **Ноќевање.**

**4 ден 24.04: ХУРГАДА**
Појадок. Слободен ден за индивидуални активности, одмор или уживање на брегот на Црвеното море. Можност да го збогатите вашиот престој со некоја од Факултативните екскурзии кои се во понуда на нашиот локален партнер (Џип сафари, крстарење до рајскиот остров, итн.). **Ноќевање.**

**5 ден 25.04: ХУРГАДА – АСУАН**
Ланч пакети за појадок. Поаѓање кон Асуан во раните утрински часови. Патување со удобен, климатизиран туристички автобус во придружба на стручен локален водич. По окулу 8-9 часовно патување, со попатни паузи, пристигнување во Асуан. Веднаш по пристигнувањето, укрцување на бродот. Ручек. После ручекот ја започнуваме турата во Асуан со посета на Високата брана, инженерско чудо изградено во 60-тите години од каде се протега најголемото вештачко езеро на светот – Насеровото езеро. По посетата на Високата Брана ("High Dam" висока 111м), разгледот продолжува со посета на замокот посветен на египетската божица Изида кој се наоѓа на островот Фили - во реката Нил 12км јужно од Асуан. Фили е остров и археолошки локалитет. Поради изградбата на Асуанската брана, храмовите во 1969год се пренесени на друг остров како не би биле оштетени од поплави. Замокот е под заштита на UNESCO од 1979 година. Потоа продолжуваме кон посета на Незавршениот обелиск, најголемиот познат антички обелиск, изграден по наредба на кралицата Хатшепсут (1508-1458 п.н.е.). Враќање на бродот. **Вечера. Ноќевање.**

**6 ден 26.04: КОМ ОМБО & ЕДФУ**
Ноќно пловење. Пристигнување во Ком Омбо. Појадок на брод. Заминување во посета на Храмот на Собек и Хароерис. Посветен е на Собек – древен бог со глава на крокодил на кого старите Египќани му принесувале жртви за да не бидат напаѓани од крокодили во текот на своите пловидби по реката Нил. Храмот стои на свиокот во Нил, каде што во древни времиња светите крокодили се одмарале на сонцето на брегот на реката. Враќање на бродот за ручек. Пловење кон Едфу. По пристигнување посета на Храмот посветен на Богот Хорус, едно од најстарите божества, изграден во времето на Клеопатра. Прикажан е со глава на сокол и се поврзува со многу фараони во текот на нивниот живот и владеење. Ова е најголемиот и најсочуван Храм кој претставува комбинација од Египетската и Грчката архитектура. Враќање на бродот. **Вечера. Ноќевање.**

**7 ден 27.04: ЛУКСОР (Западен Брег)**
Вечерно крстарење до Есна и Луксор. По пристигнувањето во Луксор и после појадокот се упатуваме кон Западниот брег на Нил за да ја посетиме Долината на кралевите и Кралиците, огромниот град на мртвите, каде што величествените гробови биле врежани во пустинските карпи и исполнети со богатства за задгробниот живот од генерациите на фараоните. Потоа ќе отидеме до подножјето на карпата за да го видиме Храмот на кралицата Хатшепсут, единствената жена што владеела со Египет во историјата на фараонот. Овој Храм се смета дека е еден од најубавите храмови изградени во Египетското царство. На враќање кон реката Нил, нашиот пат поминува покрај познатиот Колос од Мемнон, познат во Античко Грчките времиња по нивните прогонувачки гласови во зори. Враќање на бродот. **Вечера. Ноќевање.**

**8 ден 28.04: ЛУКСОР (Источен Брег) – ХУРГАДА**
Појадок на бродот и искрцување. Поаѓање на утринска тура со посета на огромниот и импознатен комплекс на храмови – Карнак, кој на ова место е поставен окулу 2.000 години пред новата Ера, но најголемиот развој го достигнува со Новото Кралство. Комплексот е граден илјада години од повеќе генерации на фараони. Централен и можеби најзначаен дел од Карнак е храмот посветен на богот Амун, познат по своите столбови кои се во форма на пакет од папирус. Овој храм се смета за еден од најамбициозните примери за развиената архитектура и инжињерство низ античките фараонски времиња. Слободно време за прошетка низ Луксор. Во попладневните часови, поаѓање назад кон аеродромот во Хургада.

**9 ден 29.04: ХУРГАДА – ИСТАНБУЛ – СКОПЈЕ**
Пристигнување на аеродромот во Хургада. Лет за Истанбул со TK1430 во 00:30часот. Слетување во Истанбул во 04:30. Лет за Скопје во 07:30 со TK100. Слетување во 07.50 часот.

| ЕГИПЕТ – ВЕЛИГДЕН 2022<br>ХУРГАДА & КРСТАРЕЊЕ ПО НИЛ | ПЕРИОД НА ПАТУВАЊЕ | 21.04.2021– 29.04.2022 |
|---|---|---|
| | ПЕРИОД НА ПРЕСТОЈ | 21.04.2022 – 28.04.2022 |
| | УСЛУГИ | 4AI + 3FB |
| | НОЌЕВАЊА / ДЕНОВИ | 7Н / 9Д |
| Редовна Цена по лице во двокреветна соба | | 1.095€ / 67.890мкд |
| **EARLY BOOKING Цена по лице (резервации до 15.03.2021)** | | **995€ / 61.690мкд** |
| Цена за дете до 05,99 години | | 450€ / 27.900мкд |
| Цена за дете од 06 до 11,99 години | | 675€ / 41.850мкд |
| Доплата за еднокреветна соба | | 230€ / 14.260мкд |

**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АРАНЖМАНОТ ПОТРЕБЕН Е МИНИМУМ ОД 20 ПАТНИЦИ**

*Плаќањето ќе се врши исклучително во денари по курс од 62мкд за 1€*

**Општите услови за патување на Аурора Турс се составен дел од овој аранжман**

**Во цената е вклучено :**

- Повратен авио билет Скопје – Истанбул – Хургада – Истанбул – Скопје, со **Turkish Airlines**.
- 4 хотелски ноќевања во Хургада во Хотел со 5* на база се вклучено.
- Крстарење по нил - 3 ноќевања на брод 5* на база полн пансион (Појадок, ручек, вечера, без пијалоци).
- Сите трансфери према програмата.
- Сите разгледи посети со вклучени влезници, према програмата.
- Стручен локален водич.
- Техничко водство / Пратител на групата.

**Во цената не е вклучено :**

- Египетска виза – се вади на аеродром по слетување – 25$
- Факултативни излети (тура Каиро; Крстарење до рајски остров; Пустинско сафари;)
- Дополнителни оброци и пијалоци кои не се наведени во програмата.
- Задолжително патничко осигурување.
- ПЦР тест (доколку е потребен – за лица над 12г. без Ковид-19 вакцинални потврди).
- Задолжителен бакшиш за шоферите и возачите – 30 € (се плаќа на претставникот при пристигнување во Египет).

**Забелешки:**

- Организатор на ова патување е АУРОРА Турс.
- За реализација на аранжманот, потребен е минимум од 20 патници.
- Во случај на помал број пријавени патници, организаторот го задржува правото да го откаже аранжманот или да ја корегира / зголеми цената на истиот.
- За резервации потребна е авансна уплата во висина од 30% од вкупнот износ на аранжманот, целосна доплата најдоцна петнаесет (15) дена пред поаѓање.
- За овој аранжман важат општите услови на патување на Аурора Турс.
- Програмата и редоследот на разгледи и посети може да претрпи промени во зависност од состојба на терен и други објективни причини.
- Организаторот на патувањето го задржува правото, во случај на промена на цената на превозот (авионските билети), да ја промени и цената на аранжманот.

**ВАЖНО - Ковид услови за влез во Египет**

Од 21.12.2021 условите за влез во Египет се либерализирани и согласно последните протоколи, сите патници и деца со 12 или повеќе години, неопходно е да поседуваат:

**1. Потврда со QR код издадена од релевантна државна медицинска институција за комплетирана вакцинација (2 дози) со некоја од признаените вакцини извршена најмалку 14 дена пред влез во државата**;

или

**2. Негативен ПЦР тест со валиден QR код не постар од 72часа пред влез во Египет;**

или

**3. Негативен резултат од брз антигенски тест со валиден QR код не постар од 24 часа пред патување;**

Оние кои не поседуваат еден од наведените документи, може да извршат тестирање на аеродромот во Хургада при пристигнување. Тестот се плаќа на лице место и чини окулу 30$.

**АУРОРА ТУРС ДООЕЛ СКОПЈЕ**

Јане Сандански ДТЦ 13 Ноември, Лок.4, Аеродром – Скопје

**(02) 2464 440 | www.aurora.mk | info@aurora.com.mk**